# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.6/2018
## 03.05.2018 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на стандарди и нормативи за поставување урбана опрема на подрачјето на општина Неготино.**

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на стандарди и нормативи за поставување урбана опрема на подрачјето на општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 02.05.2018 година.

Бр.09-250/1
03.05.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.весник на РМ" бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 02.05.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на стандарди и нормативи за поставување урбана опрема на подрачјето на општина Неготино**

Член 1

Во Одлуката бр. 08-76/13 од 14.03.2017 година за утврдување на стандарди и нормативи за поставување урбана опрема на подрачјето на општина Неготино во член 4 став 3 зборовите во заградата се бришат, а после зборот документација се става точка.

Член 2

Во член 9 по зборовите „растојание од" се додаваат зборовите „0,3м до".

Член 3

Во член 10 по ставот 3 се додава два нови ставови 4 и 5 кои гласат:

„Во случај кога за одредена јавна површина сопственикот односно закупецот од став 2 од овој член нема поднесено барање предност за користење на истата има непосредниот сосед."

„Во случаите предвидени со став 4 одобрението се издава со важност до издавање на одобрение на сопственикот или закупецот од став 2 на овој член, но не подолго од важноста на одобрението за урбана опрема издадено

за површината пред сопствениот или закупениот објект, а надоместокот за комуналната такса ќе се наплатува месечно“.

Член 4

Во член 11 став 2 се менува и гласи:„ Исклучок претставуваат простори кај кои во партерот постои реализирана граница помеѓу просторот за движење на пешаци и бараниот простор за поставување на опрема (столбчиња, денивелација и сл. ), но просторот за движење да биде во граници од 1,2 метри до 2,5 метри во зависност од локацијата каде се поставува урбаната опрема. “

Член 5

Во член 12 став 1 алинеја 4 се брише“, а членовите 5, 6, 7, 8, 9 и 10 стануваат членови 6, 7, 8, 9, 10 и 11.

Член 6

Насловот пред член 16 се менува и гласи: „Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернетпултови и банкомати“.

Член 7

Во член 18 се додава нов став 2 кој гласи: „ За периодот од октомври до март за покриените и отворени тераси и шанкови е дозволена лесно монтажна транспаретна преграда заради заштита од атмосферски влијанија.“

Член 8

Насловот пред член 29 се менува и гласи: „Детски игралишта и спортски реквизити.“

Член 9

Во член 29 став 1 се брише, а став два кој станува став 1 се менува и гласи: „ Детско игралиште или спортски реквизити може да се постават на изградено и неизградено градежно земјиште со елаборат за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило“.

Член 10

По член 29 се додава нов наслов и нов член 30 кои гласат:

**Урбана опрема во функција на туристички, спортски и културни настани**

„Опрема за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на користење согласно Одлука бр 08-76/12 од Совет на општина Неготино“.

Членовите 30,31,32, 33 стануваат член 31, 32, 33, 34.

Член 11

По членот 34 се додаваат 5 нови членови 35, 36, 37, 38 и 39 со наслови кои гласат:

**Полначи за возила**

**Член 35**

Поставувањето на полначи за возила да биде во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, каде што теба да се постават на соодветно место или паркинг простор за да може возола на електричен погон да се паркираат и да извршат полнење на батериите.

**Мини пазари**

**Член 36**

Планирани се локации за поставување на унифицирана урбана опрема за продажба на храна – Мини пазари кои ќе бидат лоцирани надвор од Градскиот пазар.

**Автобуски постојки**

**Член 37**

Поставувањето на автобуските постојки да биде во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, а димензионирањето да се врши со мултиплицирање на модили со површина од 4.0 м2 до 16,0 м2 и висина до 4,0м од ниво на тротоар до врвот на покривачот.

**Урбана опрема за продажба на весници, сувенири, цвеќиња храна и сладолед“**

Член 38

Урбана опрема за продажба на весници, сувенири, цвеќиња, храна и сладолед на територијата на општина Неготино се поставува на јавни површини,при што треба да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници,

особено по однос на минималните димензии на пешачки површини и непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена. Локациите за поставување на урбана опрема за продажба на весници, сувенири, цвеќиња, храна и сладолед ќе бидат предвидени во Програмата за поставување на урбана опрена на територија на општина Неготино.

**Член 39**

Сите барања за поставување на урбана опрема кои се поднесени или ќе бидат поднесени, а не ги исполнуваат условите од оваа одлука, дополнително ќе бидат поединечно разгледани од страна на Советот на општина Неготино за истите да бидат предвидени во Програмата за поставување урбана опрема.

Член 12

Членот 35 станува член 40.

Член 13

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во “Службен гласник на општина Неготино”.

Бр.08-228/3
02.05.2018 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичка планска документација**

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичка планска документација, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 02.05.2018 година.

Бр.09-250/2
03.05.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ број 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ број 3/06, 2/2011 и 06/11), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 02.05.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

Член 1

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и усогласување на намена на бесправно изградени објекти кои треба да се вклопат со поединечни зони според намената на земјиштето и општиот режим на градење и употреба.

Член 2

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **3010/1** КО Тимјаник – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект означен со број на зграда 2 со намена А1 – домување во станбени куќи и помошни простории (според геодетски елаборат бр. 0703/1509 од 22.05.2012 година).

Член 3

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **540,** КО Вешје – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно доградени објекти означени со број на зграда 1 и 2 со намена А1 - домување во станбени куќи (според геодетски елаборат бр. 0703/562 од 09.05.2011 година).

Член 4

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **873/1** КО Вешје – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно доградеn објект означен со број на зграда 2 со А1 – домување во станбени куќи и помошни простории (според геодетски елаборат бр. 0801-97/3 од 18.04.2016 година).

Член 5

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **1105/1** КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект означен со број на зграда 1 со намена Г3 – сервиси (според геодетски елаборат бр.0703/733-1 од 22.05.2014 година).

Член 6

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **11278** КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на

бесправно доградени објекти означени со број на зграда 1 и 2, со намена А1 – домување во станбени куќи и помошни објекти (според геодетски елаборат бр.0703/1464 од 31.05.2012 година).

Член 7

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **2083/2** КО Криволак – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект означен со број на зграда 1 со намена Б4 – деловни простории (според геодетски елаборат бр.0703/1630 од 06.10.2015 година).

Член 8

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **8145/1** КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно доградени објекти означени со број на

зграда 1 и 2 со намена Б3 – големи угостителски единици (според геодетски елаборат бр.0801-45/3 од 20.03.2017 година).

Член 9

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **8448** КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти означени со број на зграда 3 и 4 со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија (според геодетски елаборат бр.0703/226 од 24.03.2011 година).

Член 10

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **8682** КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти означени со број на зграда 1, 2 и 3 со намена А3 – групно домување (според геодетски елаборат бр.0801-30/3 од 28.02.2017 година).

Член 11

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **3299/1 и КП 3299/3** КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект означен со број на зграда 1 со намена А4 – викенд куќа (според геодетски елаборат бр.0803/86 од 10.04.2018 година).

Член 12

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **205** КО Калањево – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект означен со број на зграда 2 со намена А4 – викенд куќа (според геодетски елаборат бр.0803/9 од 11.04.2018 година).

Член 13

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08-228/7
02.05.2018 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л,**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2018 година**

Се објавува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2018 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 02.05.2018 година.

Бр.09-250/3
03.05.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 став1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( сл. весник на РМ бр. 5/2002 ), а во врска со член 34 од Законот за буЏетите ( сл. весник на РМ бр. 64/2005/2008), советот на Општина Неготино на 11-та седница одржана на 02.05.2018 год, донесе

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **НЕГОТИНО**
За **2018** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаНЕГОТИНО за 2018 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потаставки :** | | | | |
| 741120 Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 420.000 | 0 | 0 |
| | **0** | **420.000** | **0** | **0** |
| **и се распредуваат на следните расходни потаставки :** | | | | |
| **N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 425760 Превозни услуги во образованието | 0 | 420.000 | 0 | 0 |
| | **0** | **420.000** | **0** | **0** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од законот за Локална самоуправа ( Сл. весник на РМ бр. 5/2002 ) , а во врска со член 36 од Законот за БуЃетите ( Сл. весник на РМ бр. 64/2005,2008 )

Бр. 08-228/8

Претседател на Советот на Општината
**ДИМЕ ВИТАНОВ**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2018 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2018 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 02.05.2018 година.

Бр.09-250/4
03.05.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од законот за Локална самоуправа ( Сл. весник на РМ бр. 5/2002 ) , а во врска со член 36 од Законот за Буџетите ( Сл. весник на РМ бр. 64/2005,2008 ) , Советот на Општина Неготино на 11-та седница одржана на 02.05.2018 год. донесе

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина НЕГОТИНО**

**за 2018 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина НЕГОТИНО за 2018 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | -540.000 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | -60.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -83.000 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | -51.000 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 0 | -6.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 0 | 576.000 | 0 | 0 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користењ | 0 | 0 | -19.000 | 0 | 0 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | -17.000 | 0 | 0 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 0 | 0 | -18.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | -30.000 | 0 | 0 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 0 | 0 | -10.000 | 0 | 0 |
| 425360 | Плаќање на судски такси | 0 | 0 | -10.000 | 0 | 0 |
| 426310 | Семинари и конференции | 0 | 0 | -22.000 | 0 | 0 |
| 464910 | Плаќање по судски решенија | 0 | 0 | 290.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од законот за Локална самоуправа ( Сл. весник на РМ бр. 5/2002 ) , а во врска со член 36 од Законот за Буџетите ( Сл. весник на РМ бр. 64/2005,2008 )

Бр. 08-228/9
02.05.2018

Претседател на Советот на
Општината
**ДИМЕ ВИТАНОВ**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решението за давање на согласност на Годишниот план за вработување на општина Неготино за 2019 година**

Се објавува Решението за давање на согласност на Годишниот план за вработување на општина Неготино за 2019 година, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 02.05.2018 година.

Бр.09-250/5
03.05.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 20-б став 2 точка 15 од Законот вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 02.05.2018 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2019 година на општина Неготино**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Годишниот план за вработување за 2019 година на општина Неготино со бр.04-223/1 од 24.04.2018 година.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08-228/10
02.05.2018 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решението за доделување на финансиска помош**

Се објавува Решението за доделување на финансиска помош, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 02.05.2018 година.

Бр.09-250/6
03.05.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06 , 2/11 , 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 02.05.2018 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување на финансиски средства**

Член 1

Како подршка за учество на натпреварите од Календарот на ФИДЕ – Светска шаховска федерација во 2018 година на младиот шахист Тони Лазов од Неготино се доделуваат финансиски средства во износ од 18.000,00 денари.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08-228/11
02.05.2018 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Неготино.**

Се објавува Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 02.05.2018 година.

Бр.09-250/7
03.05.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 80-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 64/18) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.весник на РМ“ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино, на седницата, одржана на 02.05.2018 година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1.ВОВЕД

Со оваа Програма се утврдува потребата од поставување урбана опрема и се уредуваат бројот,видот и големината на урбанатаопрема, условите за поставување, како и локациите и објектите на кои можат да се постават истите. Урбаната опрема се планира да се постави на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајотво градското подрачје на Неготино, како и надвор од градот на подрачјето на општина Неготино.Согласно одредбите од Законот за градење, урбана опрема дефинирана со овој член се смета: опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед,телефонски говорници,

автобуски постојки, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, јавни санитарни јазли,тераси со и без настрешници,платформи за разни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови,рекламни иинформативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци. Програмата за поставување урбана опрема во општина Неготино се состои од текстуален и графички дел.

## 2.ВИДОВИ УРБАНА ОПРЕМА

### 2.1 Платформи

Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

Локацијата за поставување на платформи е Градскиот плоштад на Неготино.

Локацијатае дадена во **Прилог 1** од графичкиот дел на оваа Програма.

### 2.2 Информативни паноа

Информативните паноа служат за јавна намена,за информирање на граѓаните и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации. Локациите за поставување на информативни паноа на територијата на општина Неготино се следниве:

-Улица Маршал Тито на тротоарот на излезот кон Кавадарци

-Улица Маршал Тито во центарот на градот на почетокот на градскиот кеј

-Кај старата бензинска станица Макпетрол

Локациите се дадени во **Прилог 2** од графичкиот дел на оваа Програма.

## 2.3 Јавни санитарни јазли

При организација на манифестациите “Св.Трифун“ и “Неготински панаѓур“ се планира поставување на монтажни јавни санитарни јазли и тоа на следниве локации:

-Улица Маршал Тито кај зградата на собранието на општина Неготино

-Улица Партизанска спроти трафиките

Локациите се дадени во **Прилог 3** од графичкиот дел на оваа Програма.

## 2.4 Тераси, шанкови и настрешници

Терасии шанкови се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, особено по однос на минималните димензии на пешачки површини - тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот (пешачки, движење на лица со хендикеп), пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило (возила на јавни служби). За период од октомври до март за покриените и отворените тераси и шанкови е дозволена лесно монтажна транспарентна преграда заради заштита од атмосверски влијанија.

Планирани се следниве локации на територија на општина Неготино за поставување на тераси, шанкови и настрешници.

-Улица Страшо Пинџур по целата должина со тоа што потребно е да се остави простор за двежење на пешаци од двете страни по 1,5 мерти. (Прилог 4.1)

-Улица 1ви Мај и крак на Страшо Пинџур по целата должина со тоа што потребно е да се остави простор за двежење на пешаци од двете страни по 1,5 мерти.

-Плоштад на град Неготино од двете страни на кафе бар Амаро (Прилог 4.2), предната страна на кафе бар Пиаца, предната страна на кафе ММ.

-Просторот пред Фејс кафе

-Пешачка улица (крак на улица Ацо Аџи Илов) (Прилог 4.3) пред кафе Чикаго каде треба да се остави простор за минување на пешаци од 2 метри.

-Градски пазар просторот пред ресторан Софра (Прилог 4.4), одобрението за поставување на урбана опрема да биде издадено со важност до реализација на Деталниот урбанистичкиот план за дел од УЗ 6, дел од УБ 6.1 „Градскиот пазар"-измена и дополна Неготино и просторот пред ресторан Александар (Прилог 4.5).

-Улица Јане Сандански тротоарот пред ресторан Чардак (Прилог 4.6)

-Улица Ацо Аџи Илов тротоарот пред пицерија Ема (Прилог 4.7)

-Улица Пекарев тротоарот пред скара Ќире (Прилог 4.8), и тротоарот пред сендвичара Камел (Прилог 4.9)

-Улица Маршал тито тротоарот пред слаткарница Олимп.

Локациите подетално се дадени во **Прилог 4** одграфичкиот дел на оваа Програма.

## 2.5 Покриени и отворени шанкови

Покриени и отворени шанкови се поставуваат на плоштад, во парк, рекреативни површини и други пошироки јавни површини без моторен сообраќај.Покриените и отворени шанкови,а мора да имаат приклучок на вода, електрична енергија и канализација.

Локацијата за поставување на покриени и отворени шанкови е кругот на СРЦ Младост.

Локацијата е дадена во **Прилог 5** од графичкиот дел на оваа Програма.

## 2.6 Детски игралишта и спортски реквизити

Детско игралиште или спортски реквизити може да се поставaт на изградено и неизградено градежно земјиште со елаборат за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Може да се постави и во уредено зеленило.

Локации за поставување на детски игралишта или спортски реквизити се следниве:

-Градски плоштад кај поштата (Прилог 6.1)

-Градски парк во зеленилото (Прилог 6.2)

-Во кругот на СРЦ Малдост (Прилог 6.3)

Локациитесе дадени во **Прилог 6** од графичкиот дел на оваа Програма.

## 2.7 Урбана опрема во функција на туристички спортски и културни настани

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор.

Локациите за поставување на овој вид на урбана опрема се следниве:

-Градски плоштад

-Во кругот на СРЦ Младост

## 2.8 Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите накорисниците.

Локациите за поставување на овој вид на урбана опрема се следниве:

-Тротоарот од двете страни долж Улицата Маршал Тито

-Тротоарот на Улицата Партизанска

-Плоштадот на град Неготино

-Паркот кај собранието

-Повеќе локации во централното градско подрачје: Улица Страшо Пинџур, Улица Јане Сандански, Улица Ацо Аџи Илов, Улица 1ви Мај

## 2.9 Жардињери, граничници

Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

Локациите за поставување на овој вид на урбана опрема се следниве:

-Тротоарот од двете страни долж Улицата Маршал Тито

-Тротоарот на Улицата Партизанска

-Плоштадот на град Неготино

-Паркот кај собранието

-Повеќе локации во централното градско подрачје: Улица Страшо Пинџур, Улица Јане Сандански, Улица Ацо Аџи Илов, Улица 1ви Мај

## 2.10 Тезги

Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори во градот.

Локациите за поставување на овој вид на урбана опрема се следниве:

-Плоштад на град Неготино во период на одржување на јавни манифестации, настани и празници.

## 2,11 Елементи за изложување на производи

Елементи за изложување на производи се витрини, полици, фрижидери.Елементи за изложување на производи се поставуваат на јавна површина пред трговски објекти, по правило во широчината на челото на објектот, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина.

## 2.12 Полначи за возила

Планирани локации за поставување на Полначи за возила се:

-паркинг просторот пред единаесет катницата каде се планира на две паркинг места да се постават полачи за возила на електричен погон (Прилог 7.1)

-во близина на Бензинска станица Макпетрол (Прилог 7.2)

Локациите се дадени во **Прилог 7** од графичкиот дел на оваа Програма.

## 2.13 Мини пазари

Планирани се локации за поставување на унифицирана урбана опрема за продажба на храна – Мини пазари кој ќе бидат лоцирани надвор од Градскиот пазар.

Локациите за поставување на мини пазари се следниве:

-Улица Маршал Тито кај музеј на град Неготино (Прилог 8.1)

-Улица Партизанска  кај основното училиште Страшо Пинџур (Прилог 8.2)

Локациите се дадени во **Прилог 8**  од графичкиот дел на оваа Програма.

## 2.14 Автобуски постојки

Поставувањето на автобуските постојки да биде во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, а димензионирањето да се врши со мултиплицирање на модили со површина од 4.0м2 до 16,0 м2 и висина до 4,0м од ниво ба тротоар до  врвот на покривачот. Дел од автобуските постојки се планира да бидат со продажбен простор за весници списанија и друго.

Локациите за поставување на автобуски постојки се следниве:

-Улица Маршал Тито постојка за Кавадарци (Прилог 9.1), постојка кај музеј на град Неготино (Прилог 9.2), постојка спроти собранието (Прилог 9.3), постојка кај ВЕТ ШОП. (Прилог 9.4), -Улица Партизанска постојка кај постоечките трафики (Прилог 9.5)

- Во с.Кривилак (Прилог 9.6)
- Во с. Војшанци (Прилог 9.7)
- Во с.Дуброво (Прилог 9.8).

Локациите се дадени во **Прилог 9** од графичкиот дел на оваа Програма.

## 2.15 Урбана опрема за продажба на весници, сувенири, цвеќиња храна и сладолед

Локациите предвидени за поставување на урбана опрема за продажба на весници, сувенири, цвеќиња, храна и сладолед на територијата на општина Неготино се следниве:

-Плоштадот на град Неготино (Прилог 10.1)

-Улица Маршал Титопостојка спроти собранието (Прилог 10.2)

-Улица Партизанска постојка кај постоечките трафики (Прилог 10.3)

Локациите се дадени во **Прилог 10** од графичкиот дел на оваа Програма.

3.ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА

Општите услови за поставување на урбана опрема на територија на општина Неготино, како и пстапката за поднесување на барање за поставување на урбана опрема и добивање на одобрение за поставување на урбана опрема се дефинирани во "Одлуката за утврдување на потребата за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање одобрение за поставување на урбана опрема" бр. 08-76/12 од 14.03.2017, и "Одлуката за утврдување на стандарди и нормативи за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Неготино" бр.08-76/13 од 14.03.2018 донесени од страна на советот на општина Неготино како и нивните измени. Во текот на годината во зависност од потребите оваа програма може да претрпи измени и дополнувања.

4. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „ Сл.гласник на општина Неготино".

Бр.08-228/4
02.05.2018 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л**
**Диме Витанов**

# ПРИЛОГ 1



PRODUCED BY AN AUTODESK EDUCATIONAL PRODUCT



**ПРИЛОГ 2.2**



ул.Маршал Тито
ул.Партизанска
BUS
TAXI
TAXI
TAXI
TAXI
TAXI
TAXI
TAXI
TAXI
11 катница
C

ПРИЛОГ 2.3




ПРИЛОГ 3.1
BUS
1.50
5.00
1:2
7.50
5.00
TAXI
11 катница
С

**ПРИЛОГ 3.2**




ПРИЛОГ 4.1
улица СТРАШО ПИНЏУР
9
10680
2
3-б
750
3-а
570
150
300
300
150
влез
- АЛФ ЈУНИОР-Неготино
18
10731
10730
346
3-а. отворена тераса=16,01м2
3-б. отворена тераса=27,02м2
С
ОТВОРЕНА ТЕРАСА
ОБЈЕКТ: Скара на жар - Стара чаршија
- АЛФ ЈУНИОР-Неготино

ПРИЛОГ 4.1




**ОТВОРЕНА ТЕРАСА**

*ОБЈЕКТ: ,,ДПТУ ВЕГА ЛАЈТ,, дооел Неготино - Стара чаршија*

*ОБЈЕКТ: кафе БАР ЈОКО - Стара чаршија*

- JO-MAT Комерц-Неготино

*,,ДПТУ ВЕГА ЛАЈТ,, дооел Неготино*

ПРИЛОГ 4.2



ПРИЛОГ 4.3




**ОТВОРЕНА ТЕРАСА**

*ОБЈЕКТ: Ланч Бар „Чикаго"-Неготино*
*Ацо Аци Илов бб- Неготино*

Денар валута -Неготино

ПРИЛОГ 4.4




3-б. отворена тераса=60,29м$^2$

С

**ОТВОРЕНА ТЕРАСА**

*ОБЈЕКТ: Гостилница - ,,СОФРА,, Неготино*
*- Христо Ботев - Градски Пазар Неготино*

- ВЕЉАНОВ БСН дооел Неготино



ПРИЛОГ 4.5
10712
146
1
P+2
N=10,2m
РЕСТОРАН - ,,АЛЕКСАНДАР,,
дооел Неготино
2
400
10713
ПАЗАРИШТЕ
влез
1.400
3-a
10746
151
116
10710/2
A1
dv
10710/1
P+2+Pk
N=10,2m
3-а. отворена тераса=56,0м2
С
2
ОТВОРЕНА ТЕРАСА
ОБЈЕКТ: ,,АЛЕКСАНДАР" дооел Неготино
Пазариште- Неготино
РЕСТОРАН - ,,АЛЕКСАНДАР,, дооел Неготино


ПРИЛОГ 4.6
36
360
220
970
200
3-а
3-а
ул.Јане Сандански
влез
,, Чардак,,
2220
10741
3-а. отворена тераса=40,83м2
С
ОТВОРЕНА ТЕРАСА
ОБЈЕКТ: ,,Чардак ,, Неготино
ул.Јане Сандански
,,Чардак,, - Неготино




**ОТВОРЕНА ТЕРАСА**

*ОБЈЕКТ: ,,ДУПТ. Пицерија ЕМА ВИ ,, доо Неготино - Стара чаршија*

*,,ДУПТ. Пицерија ЕМА ВИ ,, доо Неготино*

ПРИЛОГ 4.8




**ОТВОРЕНА ТЕРАСА**

*ОБЈЕКТ: ,,СКАРА КИРЕ"-Неготино*
*улица Пекарев- Неготино*

СКАРА КИРЕ-Неготино


ПРИЛОГ 4.9
улица Пекарев
2
4
6
8
5707
9834
9835
9836
9838
9839
1915
1490
1741
3-а
Сендвичара ,,КАМЕЛ"
550
128
150
3-а. отворена тераса=8,25м2
С
ОТВОРЕНА ТЕРАСА
ОБЈЕКТ: Сендвичара ,,КАМЕЛ"-Неготино
улица Пекарев- Неготино
КАМЕЛ-Неготино

# ПРИЛОГ 4.10




3-а. отворена тераса=4,50м$^2$

**ОТВОРЕНА ТЕРАСА**

*ОБЈЕКТ: Слаткарница ,,Олимп"-Неготино*
*Маршал Тито - Неготино*

Олимп -Неготино


ПРИЛОГ 5
8125/2
с. ц.
спортско рекреативен центар
Младост
1.покриен шанк
2.детско игралиште
1.
2.
16
20
24
баба Ана Ташева

# ПРИЛОГ 6.1



# ПРИЛОГ 6.2



Маршал Тито
улица Ставро Ставров
9819
9865
9.00
9.00
дв
226
222
212
214
216
218
246
250
252
254

ПРИЛОГ 7.1



ПРИЛОГ 7.2



# ПРИЛОГ 8.1


8763
ул "Маршал Тито"
Р.Л.
Р.Л.
Р.Л.
Г.Л.
10162
,,Музеј"
Г.Л.
Г.Л.
Г.Л.
11.50
7
10165


ПРИЛОГ 8.2
143
148
8123
8766
8767
8645
8558/1
8673/1
УЛИЦА ПАРТИЗАНСКА
ОУ СТРАШО ПИНЦУР
улица Цандо Кожинков
12.5
3.7
дв


ПРИЛОГ 9.1
улица"АНТИГОНА"
7.00
1.50
2.00
улица"МАРШАЛ ТИТО"
улица"МАРШАЛ ТИТО"
"МУЗЕЈ"
С

# ПРИЛОГ 9.2


8763
ул "Маршал Тито"
Р.Л.
Р.Л.
Р.Л.
1.1
1.1
1.4
4
Г.Л.
10162
,,Музеј"
Г.Л.
Г.Л.
Г.Л.
10165

**ПРИЛОГ 9.3**



ПРИЛОГ 9.4



ПРИЛОГ 9.4
улица 11 Октомври
улица Маршал Тито
8704
2825
дв
1.40
4.00
1.50
31
74
76
78
37
39
41
43

ПРИЛОГ 9.5



# ПРИЛОГ 10.1



# СОДРЖИНА

## на Службен гласник бр. 6/2018

1.Заклучок за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на стандарди и нормативи за поставување урбана опрема на подрачјето на општина Неготино
Стр.1

2. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на стандарди и нормативи за поставување урбана опрема на подрачјето на општина Неготино Стр.2-6

3. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичка планска документација

Стр.7

4. Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичка планска документација Стр.8-11

5. Заклучок за објавување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2018 година Стр.11

6. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2018 година Стр.12

7. Заклучок за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2018 година Стр.13

8. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2018 година Стр.14

9. Заклучок за објавување на Решението за давање на согласност на Годишниот план за вработување на општина Неготино за 2019 година

Стр.15

10. Решение за давање на согласност на Годишниот план за вработување на општина Неготино за 2019 година
Стр.16

11. Заклучок за објавување на Решението за доделување на финансиска помош Стр.17

12. Решение за доделување на финансиска помош Стр.18

13. Заклучок за објавување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Неготино Стр.19

14. Програма за поставување на урбана опрема на територијата на општина Неготино
Стр.20-59